FECH
Forum for Educational Change

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

# Студентска кошничка на студенти на **Економскиот, Филолошкиот и Медицинскиот** факултет

Истражување



**ИЗДАВАЧ:**
Форумот за Образовни Промени
ул.Илинденска бр.87/13, Тетово, Северна Македонија.
fech.mk@gmail.com
ardit.ramadanni@gmail.com

**АВТОР И УРЕДНИК:**
Ардит Рамадани

**ИСТРАЖУВАЧИ:**
Сабрије Тефики, Кристијан Стефановски, Иван Трајковски.

**ПРЕВЕДУВАЧ:**
Бехаре Касами

**ДИЗАЈН:**
Виган Демири

**ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ:**
2024

# Содржина

Вовед....07

Контекст ....08

Методологија ....09

Економски Факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“....10

Филолошки Факултет Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ ....19

Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово....28

Онлајн анкета: Перцепција на граѓаните: Студенти и цени, евтини или скапи?.......37

Препораки....43

# Вовед

**Форумот за Образовни Промени** е основан во Октомври 2021 година. За две години дејствување играше важна улога во идентификување и третирање на проблематики со кои се соочуваат студентите и младите воопшто во Северна Македонија.
За **Форумот за Образовни Промени** е од голема важност прво да се подигне свеста на студентите во врска со тоа што (не) им припаѓа и да се поттикне нивното критичко размислување, а потоа и општата свест на граѓаните во Северна Македонија за овие проблеми.

Освен деталните и длабински истражувања што ги објавивме досега, на официјалните страници на **Форумот за Образовни Промени** www.fech.mk и www.studentsforum.mk постојано објавуваме различни анализи и студии поврзани со прашањата кои се однесуваат младите и квалитетот на образованието во земјата, со посебен акцент на високото образование. Ние сме заинтересирани да поттикнеме здрава дебата во врска со овие теми кои со кои се занимаваме постојано, бидејќи сметаме дека студентите и нивните права заслужуваат да бидат во фокусот на медиумите и општеството воопшто, повеќе и почесто отколку што се во моментов.

Во овој контекст, како **Форумот за Образовни Промени** изразуваме благодарност до Европскиот фонд за демократија **(European Endowment for Democracy)** за поддршката на нашата мисија за поквалитетно високо образование, за повеќе студентски права и подобра позиција на младите во општеството. Преку придонесот на **Европскиот фонд за демократија (EED)**, успеавме да расветлиме многу важни прашања кои ги засегаат младите и студентите во Северна Македонија.

# Контекст

**Според Државниот Завод за Статистика на Република Северна Македонија** во универзитетскиот систем на Северна Македонија учествуваат вкупно **53,821 студенти,** од кои **47,418** или **77.7%** се дел од јавните универзитети, а **12,103** или **22.3%** се дел од приватните институции на високото образование.

За илустрација, Синдикалната кошничка покажува дека живеењето во Северна Македонија секој месец станува поскапа, и тоа: ако двајца вработени во едно четиричлено семејство имаат просечна плата од **38.359 денари,** тие треба со **74%** од средствата да ги покријат само минималните трошоци, односно треба да издвојат ¾ од приходите за да го постигнат основниот стандард на живеење.

Недвосмислено е дека најпогодени од оваа ситуација се студентите и младите, ова бидејќи значителен дел од нив не се вклучени на пазарот на трудот, додека оние кои се, главно се ангажирани со скратено работно време поради обврски со студии и имаат минимален приход од **20.175 денари** (или помалку) кои според анализите на Сојузот на синдикати на Северна Македонија, е невозможно да го поминат месецот со толку средства, особено земајќи ги во предвид моменталните цени на основните производи и потребните активности за студентите и младите во земјата.

Според последните податоци од Државниот завод за статистика, највисокиот степен на невработеност е кај младите. Според возрасната структура, степенот на невработеност кај лицата на возраст од **15** до **29** години е **24%**, додека вкупно **102.134** лица се евидентирани како невработени во земјава, од кои **41.3%** се Македонци, а **38.4%** се Албанци. Треба да се истакне дека и покрај фактот што последните податоци се охрабрувачки и покажуваат тренд на намалување на вкупната невработеност споредено со претходните години, сепак невработеноста и натаму останува највисока и речиси непроменета кај младите во земјава.

Поголемиот дел од студентите во текот на студиите плаќаат партиципација од **200** евра по семестар, меѓутоа, оваа сума може да варира зависно од соодветните факултети, додека половина од оваа цена плаќаат студентите кои се на државна квота. Согласно Законот за високо образование, универзитетите имаат право да предложат зголемување или намалување на износот за партиципација, а максималниот износ го утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Северна Македонија е трета во регионот по висината на стипендиите кои ги доделува на студенти, и тоа вкупно **6.050** денари или **98** евра, со исклучок на студентите по хемија, физика, математика, земјоделство, ветеринарство и шумарство кои добиваат месечни стипендии од **18.000** денари или **292** евра.

# Методологија

Истражувањето е основано на квалитативни и квантитативни податоци обезбедени **100** отсто од авторот на ова истражување и истражувачите учесници на проектот. Во првиот дел на истражувањето сме организирале **3** фокус групи или интервјуа еден на еден со студенти од три различни факултети на универзитетите кои функционираат во Северна Македонија. На овие три фокус групи или интервјуа еден на еден учествуваа вкупно **18** студенти на додипломски студии.

Форумот за Образовни Промени има намера да ја создаде „Студентската кошница" преку која ќе се прикаже јасна слика за студентските трошоци, откако ќе ги истражиме студентските трошоци од сите факултети во земјата. Во првиот дел од оваа публикација, во однос на тоа колку навистина финансиски ги чини студентите процесот на студирање во земјава и дали државната помош за студентите во оваа насока е доволна, интервјуиравме студенти од овие факултети, меѓу кои:

| | |
|---|---|
| Економски Факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј" | 6 студенти |
| Филолошки Факултет Универзитет „Свети Кирил и Методиј" | 6 студенти |
| Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово | 6 студенти |

Се погриживме да меѓу интервјуираните студенти има и странски студенти кои избрале да студираат во Северна Македонија, главно од Република Косово. Дел од интервјуираните одлучија да останат анонимни од лични причини, додека Форумот за Образовни Промени одлучи да ја почитува нивната одлука.

Интервјуираните студенти одговорија на вкупно **24** прашања, од кои шест се демографски прашања, односно кои се однесуваат со нивното потекло. Овој елемент е битен за процесот на понатамошна анализа на секое интервју од страна на авторот на истражувањето. На **8** прашања испитаниците имаа можност да одговорат само се бројки и се прашани главно во врска со нивните секојдневни студентски трошоци, за еден месец и за еден семестар. На 10тте последни прашања им оставивме простор да ги елаборираат одговорите дадени со бројки, така да нашите интервјуери разговараа со испитаниците во врска со нивното мислење за висината на трошоците кои ги имаат како студенти.

Испитаниците се прашани во врска со партиципацијата за семестар, колку просечно трошат за литература и останати училишни материјали потребни за еден семестар, колку трошат за превоз, и со што патуваат до универзитет, колку се нивните дневни трошоци за храна додека се на факултет, колку трошат за домување, доколку престојуваат во студентски дом или приватен стан, како и колку пари трошат за рекреација, поточно за спорт, култура и други.

И покрај фактот што на сите испитаници им се поставени истите прашања, добиените податоци од различните факултети нема да ги споредиме бидејќи варираат од факултет до факултет и не се споредливи. Во вториот дел од ова истражување ќе презентираме податоци од вкупно **184** анкетирани граѓани во врска со нивната перцепција за студентските трошоци.

## Економски факултет,
## Универзитет „Свети Кирил и Методиј"



# Трошоци за еден семестар

| | |
|---|---|
| Партиципација со државна квота | 6.160 ДЕНАРИ |
| Самофинансирање | 12.321 ДЕНАРИ |
| Административни трошоци | 1.400 ДЕНАРИ |
| ИКСА | 750 ДЕНАРИ |

Студентите на Економскиот факултет плаќаат **12.321** денари за семестар што подразбира **24.642** денари годишно. Студентите кои имаат покажано добри резултати во тек на средното образование, односно **30** подобро рангирани студенти на оваа програма плаќаат пола цена, односно **6.160** денари за семестар и **12.321** денари годишно.

Административните трошоци вклучуваат книжен фонд, користење на услуги преку Интернет и електронските платформи, штети, тетратки, шифри за писмени испити и студентски интернет центар. Трошоците во категоријата „друго" вклучуваат информативни, спортски и културни дејности на студентите. Оваа уплата се врши еднаш годишно.

Студентите можат да аплицираат и за различни категории на стипендии. Висината на стипендијата што им следува на студентите е **6.050** денари, со исклучок на некои факултети кои имаат повисоки стипендии поради малиот број студенти.

Лицата помлади **26** години кои немаат родители или се невработени, лицата со попреченост, воени инвалиди, како и лицата израснати во домови за напуштени деца кои се невработени се ослободени од партиципација.




## Трошоци за литература

Студентите изјавиле дека просечно трошат **3.520** денари по семестар за потребната литература за студии. Највисоката сума изјавена од испитаниците на овој факултет е **6.120** денари, додека најнискиот е **1.000** денари. Студентите имаа поделени мислења за оваа сума, некои од испитаниците сметаат дека е висока и недостапна за нив, а други дека е разумна.

Сите испитаници без исклучок изјавија дека литературата е лесно достапна, било приватно или во библиотеката на факултетот. Некои од студентите изјавија дека барем еднаш во текот на студиите се почувствувале принудени од професорите на одредени предмети да ги купат нивните книги, па затоа се соочиле со продажба на примероци кои не се овластени од авторите на книгите.

# Трошоци за потрошни материјали

Студентите изјавиле дека трошат просечно **1.400** денари по семестар за други училишни материјали потребни за студирање. Овие материјали вклучуваат: чанти, пенкала, хамери и друго. Студентите изјавија дека трошоците за потрошен материјал не се високи бидејќи повеќето ги купуваат само еднаш и ги користат во текот на целата година, односно повеќе од еден семестар.

Но, и покрај нискиот износ за потрошни материјали, студентите изјавија дека не ни можеле да ги купат овие потребни материјали за студирање доколку немаат финансиска помош од родителите, сите анкетирани студенти без исклучок изјавија дека сите трошоци им се покриени од нивните родители.



## Трошоци за превоз

Студентите пријавиле дека просечно трошат по **9.340** денари по семестар за превоз од својот дом до економскиот факултет или до местото каде што се одржуваат предавањата. Овде треба да се нагласи дека се зема само просекот на студенти кои патуваат од други градови во Скопје на предавања или студенти кои од различни причини не го користат правото на бесплатен јавен превоз.

За овие студенти кои патуваат од различни градови до универзитетот се нуди стипендија од **600** до **1.200** денари што не е доволна. Сепак, оваа стипендија е привремена и е дел од антикризните мерки што ги презема Владата на Северна Македонија.

Сите студенти на државните универзитети во Северна Македонија се ослободени од плаќање јавен превоз во Скопје, но најголемиот дел од студентите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ патуваат од други градови и не живеат сите во Скопје, имено во летниот семестар **2022/23** година, запишани се **11.452** студенти од Скопје и **11.812** студенти од други градови, но и за нив има олеснувања на месечните билети.






## Трошоци за домување

Студентите пријавиле дека за домување трошат просечно по **26.400** денари по семестар. Овде се пресметува само просекот на студенти кои живеат во приватни станови или студентски домови, бидејќи дел од испитаниците изјавиле дека немаат трошоци од овој вид бидејќи живеат во семејни објекти.

Во Северна Македонија има вкупно **10** државни студентски домови, за сместување во овие студентски домови месечно се плаќа по **3.410** денари. Студентите кои живеат во студентски домови известија дека се соочуваат со лоши инфраструктурни услови, но не само тоа, велат дека храната што ви се сервира не е добра и хигиената не е на ниво. Некои рекоа дека и покрај повисоката цена, лошите услови во студентските домови ги натерале да земаат приватни станови под кирија. Во овој просек е вклучено и плаќањето за струја, вода и интернет.

# Трошоци за храна

Студентите изјавиле дека за храна трошат во просек по **12.650** денари по семестар. Овде треба да се земе предвид дека дел од студентите живеат во студентски домови каде што се обезбедува и храна, а освен ова сите студенти добиваат по **140** денари дневно, **6** пати неделно за здрав оброк.

Сите испитаници без исклучок пријавиле дека цената на храната во универзитетското бифе е превисока и дека за нив нема никаков попуст или олеснување, а исто така пријавиле дека квалитетот на храната не е добар и нема доволно избор од храната што се нуди. Тие исто така сметаат и дека сумата од **140** денари дневно за студентски оброк е мала со оглед на високите цени на пазарот, и дека со овие пари не можат да купат доволно храна за еден оброк.






## Трошоци за рекреација

Учениците пријавиле дека за рекреација трошат просечно по **14.202** денари. Најчести трошоци во оваа категорија се кафиња, прошетки, спортски активности, цигари, младински настани, концерти и слично. Универзитетското студентско собрание често организира рекреативни настани за студентите, но не секогаш овие настани се бесплатни или со олеснувања за студентите на соодветниот универзитет, а освен ова, ова Студентско собрание има склучено соработка со неколку теретани што на студентите им овозможува поевтини месечни цени во соодветните центри.

Сите испитаници изјавиле дека се принудени да ги ограничат прошетките или да се откажат од голем дел од активностите поради високите цени, велат дека успеваат да платат само за неопходните работи. Некои од нив рекоа дека редовно одат во теретана, но се пожалија на високите цени во теретаните, и сметаат дека треба да бидат поевтини за студентите.

ПРОСЕЧНИ ТРОШОЦИ ЗА ЕДЕН СЕМЕСТАР

**81,335 ДЕНАРИ**

(1.297 ЕВРА)

ЗА ЕДНА АКАДЕМСКА ГОДИНА

**162,670 ДЕНАРИ**

(2.594 ЕВРА)

ДО ЗАВРШУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ

**638.664 ДЕНАРИ**

(10.365 ЕВРА)

## Филолошки факултет,
## Универзитет „Свети Кирил и Методиј"



# Трошоци за семестар

| | |
|---|---|
| Партиципација со државна квота | 6.160 ДЕНАРИ |
| Самофинансирање | 12.321 ДЕНАРИ |
| Административни трошоци | 500 ДЕНАРИ |
| ИКСА | 750 ДЕНАРИ |

Студентите на Филолошкиот факултет плаќаат **12.321** денари за семестар што подразбира **24.642** денари годишно. Студентите кои имаат покажано добри резултати во тек на средното образование плаќаат пола цена, односно **6.160** денари за семестар и **12.321** денари годишно.

Административните трошоци вклучуваат книжен фонд, користење на услуги преку Интернет и електронските платформи, штети, тетратки, шифри за писмени испити и студентски интернет центар. Трошоците во категоријата „друго“ вклучуваат информативни, спортски и културни дејности на студентите. Оваа уплата се врши еднаш годишно.

Студентите исто така можат да аплицираат и за различни категории на стипендии. Висината на стипендијата што им следува на студентите е **6.050** денари, со исклучок на некои кои имаат повисоки стипендии поради малиот број студенти.

Лицата помлади **26** години кои немаат родители или се невработени, лицата со попреченост, воени инвалиди, како и лицата израснати во домови за напуштени деца кои се невработени се ослободени од партиципација.




## Трошоци за литература

Студентите изјавиле дека просечно трошат **2.012** денари по семестар за потребната литература за студии. Највисоката сума изјавена од испитаниците на овој факултет е **3.060** денари, додека најниската е **1.000** денари. Студентите велат дека цените за литература се релативно високи бидејќи некој семестар сите потребни книги биле скапи, но поволен е фактот што еден дел од книгите можат да ги симнат од интернет.

Само еден од испитаниците од овој факултет изјавил дека еден професор му ја намалил конечната оценка затоа што не ја користел неговата книга во тек на семестарот, другите велат дека во ниту еден момент не се почувствувале принудени да ги купат книгите на професорите од страна на професорите.

## Трошоци за потрошни материјали

Студентите изјавиле дека трошат просечно **760** денари по семестар за други училишни материјали потребни за студирање. Овие материјали вклучуваат: чанти, пенкала, хамери и друго. Студентите изјавија дека трошоците за потрошен материјал се зголемиле во последно време, но сепак сметаат дека се пристапни.

Сите испитаници од овој факултет рекоа дека сите трошоци им ги покриваат родителите и дека поинаку не би можеле да ги покријат трошоците во тек на семестарот, бидејќи повеќето се невработени и фокусирани целосно на образованието.



# Трошоци за превоз

Студентите пријавиле дека просечно трошат по **10.340** денари по семестар за превоз од својот дом до филолошкиот факултет или до местото каде што се одржуваат предавањата. Овде треба да се нагласи дека се зема само просекот на студенти кои патуваат од други градови во Скопје на предавања или студенти кои од различни причини не го користат правото на бесплатен јавен превоз.

За овие студенти кои патуваат од различни градови до универзитетот се нуди стипендија од **600** до **1.200** денари што не е доволна. Сепак, оваа стипендија е привремена и е дел од антикризните мерки што ги презема Владата на Северна Македонија.

Сите студенти на државните универзитети во Северна Македонија се ослободени од плаќање јавен превоз во Скопје, но најголемиот дел од студентите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" патуваат од други градови и не живеат сите во Скопје, имено во летниот семестар **2022/23** година, запишани се **11.452** студенти од Скопје и **11.812** студенти од други градови, но и за нив има олеснувања на месечните билети.



# Трошоци за домување

Студентите пријавиле дека за домување трошат просечно по **21.875** денари по семестар. Овде се пресметува само просекот на студенти кои живеат во приватни станови или студентски домови, бидејќи дел од испитаниците изјавиле дека немаат трошоци од овој вид бидејќи живеат во семејни објекти.

Во Северна Македонија има вкупно **10** државни студентски домови, за сместување во овие студентски домови месечно се плаќа по **3.410** денари. Студентите кои живеат во студентски домови известија дека се соочуваат со лоши инфраструктурни услови, но не само тоа, велат дека храната што ви се сервира не е добра и хигиената не е на ниво. Некои рекоа дека и покрај повисоката цена, лошите услови во студентските домови ги натерале да земаат приватни станови под кирија. Во овој просек е вклучено и плаќањето за струја, вода и интернет.






## Трошоци за храна

Студентите изјавиле дека за храна трошат во просек по **12.958** денари по семестар. Овде треба да се земе предвид дека дел од студентите живеат во студентски домови каде што се обезбедува и храна, а освен ова сите студенти добиваат по **140** денари дневно, **6** пати неделно за здрав оброк.

Сите интервјуирани студенти велат дека не консумираат храна во универзитетската кафетерија бидејќи сметаат дека цените се превисоки, и дека квалитетот на храната не е добар и недостасува хигиена. Сите интервјуирани студенти примаат по **140** денари дневно за студентски оброк, но сметаат дека оваа сума е мала со оглед на високите цени на пазарот.




## Трошоци за рекреација

Учениците пријавиле дека за рекреација трошат просечно по **11.758** денари. Најчести трошоци во оваа категорија се кафиња, прошетки, спортски активности, цигари, младински настани, концерти и слично. Универзитетското студентско собрание често организира рекреативни настани за студентите, но не секогаш овие настани се бесплатни или со олеснувања за студентите на соодветниот универзитет, а освен ова, ова Студентско собрание има склучено соработка со неколку теретани што на студентите им овозможува поевтини месечни цени во соодветните центри.

Сите испитаници изразија дека не можат целосно да ги исполнат своите желби за рекреативни активности, бидејќи повеќето од нив се невработени, а нивните родители целосно ги покриваат трошоците. Некои рекоа дека се пријавени за одреден спорт, но рекоа дека немаат никакво ослободување или олеснување како студенти во овој поглед.

ПРОСЕЧНИ ТРОШОЦИ ЗА ЕДЕН СЕМЕСТАР

**72.618 ДЕНАРИ**

(1.176 ЕВРА)

ЗА ЕДНА АКАДЕМСКА ГОДИНА

**145.236 ДЕНАРИ**

(2.352 ЕВРА)

ДО ЗАВРШУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ

**580,944 ДЕНАРИ**

(9.406 ЕВРА)

# Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово



# Трошоци за еден семестар

| | |
|---|---|
| Партиципација со државна квота | 6.160 ДЕНАРИ |
| Самофинансирање | 12.321 ДЕНАРИ |
| IKSA | 750 ДЕНАРИ |
| Партиципација за странски државјани, општа медицина, стоматологија и фармација | 61.602 ДЕНАРИ |
| Партиципација за странски државјани, Физиотерапија, акушерство и медицински сестри | 30.800 ДЕНАРИ |

Студентите на Факултетот за медицински науки плаќаат **12.321** денари за семестар што подразбира **24.642** денари годишно. Студентите кои се на државна квота плаќаат половина од овој износ по семестар, односно **6.160** денари по семестар и **12.321** денари годишно.

Износот од **750** денари вклучуваат информативна, спортска и културна дејност на студентите. Оваа уплата на студентите од овој факултет се врши еднаш во тек на студиите, односно при запишување. Студентите исто така плаќаат по **100** денари годишно за Студентското собрание.

Студентите исто така можат да аплицираат и за различни категории на стипендии. Висината на стипендијата што им следува на студентите е **6.050** денари, со исклучок на некои факултети кои имаат повисоки стипендии поради малиот број студенти.

Лицата помлади **26** години кои немаат родители и се невработени, лицата со попреченост, воени инвалиди, како и лицата израснати во домови за напуштени деца кои се невработени се ослободени од партиципација.




# Трошоци за литература

Студентите изјавиле дека просечно трошат **6.579** денари по семестар за потребната литература за студии. Највисоката сума изјавена од испитаниците на овој факултет е **9.258** денари, додека најнискиот е **4.320** денари. Испитаниците изјавија дека цените за литература се многу високи, но нагласуваат дека потребната литература за студии може лесно да се најде.

Сите испитаници изјавиле дека освен професорите кои ги принудуваат да ги купат нивните книги 'на црно', поголемиот број на професорите не им дозволуваат на студентите да полагаат испит ако не покажат доказ дека студентот ја има купено книгата на соодветниот професор. Некои од нив рекоа дека една печатница во близина на факултетот води евиденција за имињата на студентите кои ги купуваат книгите.

## Трошоци за потрошни материјали

Студентите изјавиле дека трошат просечно **2.476** денари по семестар за други училишни материјали потребни за студирање. Овие материјали вклучуваат: чанти, пенкала, хамери, специфични униформи за студентите по медицина и друго. Повеќето студенти изјавија дека трошоците за потрошен материјал не има се чинат многу скапи земајќи го предвид фактот дека повеќето од овие материјали ги купуваат само еднаш и ги користат во тек на целата академска година.

Сите испитаници од овој факултет рекоа дека сите трошоци им ги покриваат родителите и дека поинаку не би можеле да ги покријат трошоците во тек на семестарот, бидејќи повеќето се невработени и фокусирани целосно на образованието.



# Трошоци за превоз

Студентите пријавиле дека просечно трошат по **6.541** денари по семестар за превоз од својот дом до филолошкиот факултет или до местото каде што се одржуваат предавањата. Овде треба да се нагласи дека се зема само просекот на студенти кои патуваат од други градови во Тетово на предавања или студенти кои го користат јавниот превоз до факултетот.

За овие студенти кои патуваат од различни градови до универзитетот се нуди стипендија од **600** до **1.200** денари што не е доволна. Сепак, оваа стипендија е привремена и е дел од антикризните мерки што ги презема Владата на Северна Македонија.

За разлика од Скопје, јавниот превоз во Тетово не е бесплатен за студенти, додека поголемиот дел на студентите на овој факултет доаѓаат од околните села на Тетово, како и од Косово.



## Трошоци за домување

Студентите пријавиле дека за домување трошат просечно по **14.809** денари по семестар. Овде се пресметува само просекот на студенти кои живеат во приватни станови или студентски домови, бидејќи дел од испитаниците изјавиле дека немаат трошоци од овој вид бидејќи живеат во семејни објекти.

Во Северна Македонија има вкупно **10** државни студентски домови, за сместување во овие студентски домови месечно се плаќа по **3.410** денари. Студентите кои живеат во студентски домови известија дека се соочуваат со лоши инфраструктурни услови, но не само тоа, велат дека храната што ви се сервира не е добра и хигиената не е на ниво. Но ова не е случај во Тетово бидејќи студентскиот дом во овој град е нов и има добри услови за живеење.



## Трошоци за храна

Студентите изјавиле дека за храна трошат во просек по **15.689** денари по семестар. Овде треба да сеземе предвид дека дел од студентите живеат во студентски домови каде што се обезбедува и храна, а освен ова сите студенти добиваат по **140** денари дневно, **6** пати неделно за здрав оброк.

Сите испитаници без исклучок пријавиле немаат универзитетска кафетерија и дека цените во ресторантите во близина на универзитетот се многу високи, без никакви олеснувања за студенти. Сите рекоа дека користат **140** денари дневно за студентски оброк, но сметаат дека оваа сума е многу мала и недоволна во споредба со високите цени на прехранбените производи.




Просечен трошок за еден семестар




# Трошоци за рекреација

Учениците пријавиле дека за рекреација трошат просечно по **11.360** денари. Најчести трошоци во оваа категорија се кафиња, прошетки, спортски активности, цигари, младински настани, концерти и слично. Универзитетското студентско собрание не е активно и не организира рекреативни настани за студентите на овој универзитет. Повеќето рекреативни активности ги организираат сами, што е уште поскапо.

Сите испитаници на овој факултет изразија дека се принудени да ги ограничуваат излегувањата, забавите или други рекреативни активности поради високите трошоци. Дел од нив рекоа дека се запишале во теретана, но се пожалија на високите цени. Тие го повикаа Универзитетското студентско собрание да склучи договор со фитнес центрите во градот за да им се даде попуст на студентите.

ПРОСЕЧНИ ТРОШОЦИ ЗА ЕДЕН СЕМЕСТАР

**69.850 ДЕНАРИ**

(1.131 Евра)

ЗА ЕДНА АКАДЕМСКА ГОДИНА

**139.700 ДЕНАРИ**

(2.262 Евра)

ДО ЗАВРШУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ

**698,500 ДЕНАРИ**

(11.309 Евра)

# СТУДЕНТИТЕ И ЦЕНИТЕ, ЕВТИНО ИЛИ СКАПО? ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ



Во вториот дел од истражувањето „Кошница на студенти на Економски, Филолошки и Медицински Факултет" анкетиравме вкупно **185** лица преку Интернет за да ја научиме општата перцепција на граѓаните во врска со цените во однос на студентите.

Повеќето од лицата кои ја пополниле оваа анкета се од Скопје и Тетово, бидејќи во овие два града се сместени најголемиот дел од универзитетите во државата и се почести се контактите меѓу луѓето и студентите. Целта на прашалникот беше да се добие општото мислење за оваа тема, освен она на студентите на кои им го посветивме првиот дел од истражувањето.

Прашалникот го пополниле вкупно **185** лица, од кои **30,8**% се од Скопје, **29,2**% од Тетово, **8,6**% од Гостивар, **7**% од Кичево и останатите се од другите градови на Северна Македонија. Во однос на родот, **56,2**% од испитаниците се мажи, додека **43,8**% се жени. Најголем дел од испитаниците, поточно **47**% се студенти, **29,2**% се вработени и **23,8**% се невработени.

Овој прашалник имаше вкупно **15** прашања, од кои **4** беа демографски, а **11** општи. Прашањата во оваа анкета главно се однесуваа на тоа колку испитаниците ги сметаат како (не)пристапни цените на основните производи до најлуксузните за студентите и каква е улогата на државата во овој поглед, колку им помага на студентите преку различни политики.

Покрај државните органи, не интересираше и нивното мислење за тоа колку универзитети во нашата земја имаат финансиски политики за помош на студентите и дали се доволни студентските стипендии. Го добивме општото мислење за износот од **140** денари за студентски оброк што ја добиваат студентите, за висината на уплатата за студентскиот дом, семестарот, училишните материјали, како и за тоа дали студентите имаат финансиски можности за културни, спортски активности и туризам.

Во овој дел од истражувањето „Кошница на студенти на Економски, Филолошки и Медицински Факултет" ќе бидат прикажани **11**-те најважни наоди од анкетата спроведена преку онлајн инструменти.

Дали мислите дека цените на основните прехранбени производи се скапи?




Дали мислите дека ценит... студентите во Република Северна Македонија?




Дали мислите дека помошта од државни...ции за студентите е доволна во овој поглед?



Дали мислите дека соодветните универзитети нудат доволна поддршка/стипендии за студентите?




Дали мис...елува Министерството за образование и наука?




Дали мислите дек...ки дом е разумна и прифатлива за студентите?



Дали мислите дека цената на студиите/семестарот на државните универзитети е висока?




Дали мислите дека цените на кни...материјали за учење се високи за студентите?




Дали мислите дека студентите имаат... културни, спортски и туристички активности?



Дали мислите дека студентите можат да си ги дозволат месечните трошоци без да бидат вработени?




Како ја гледате економската состојб...андард на студентите во следните 12 месеци?



# Препораки

Јавното високо образование да биде бесплатно за сите студенти

Да се дигитализираат административните услуги за студентите да не бидат принудени да плаќаат дополнително за документи на шалтер

Да се зголеми износот на државните стипендии и да се прошири листата на факултети со повисоки стипендии

Да се прошири листата на категории студенти кои добиваат државни стипендии

Да се прошири листата на категории студенти кои се ослободени од учество

Да се формира истражно тело во рамките на универзитетите за професори кои ги принудуваат студентите да ги купуваат нивните книги

Да се ослободат сите студенти од плаќање на јавен превоз во Скопје, без разлика на кој универзитет студираат

Да се ослободат сите студенти од плаќање на јавен превоз студентите во сите универзитетски градови

Да се создаде одржлив систем за олеснување на меѓуопштинскиот превоз на студентите

Да се подобрат условите во студентските домови за студентите да не бидат принудени да плаќаат приватни станови

Да има надзорно тело на телото за селекција на студенти кои се примени во домовите, има пријави за несоодветна и дискриминаторска селекција.

Студентите да имаат бесплатен пристап до сите потребни материјали за студирање

Да се зголеми износот на студентскиот оброк во однос на  зголемување на инфлацијата на потрошувачката кошница на крајот на годината

Да се намалат цените на храната во бифето на универзитетот

Да се понуди поголема државна помош за туристички активности за студентите, во земјата и во странство

Јавните спортски сали и базени треба да бидат бесплатни за студентите

FECH®

Forum for Educational Change

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY